Кроациа Осигурување АД
Друштво за осигурување на живот
Генерална Дирекција
ЕДБ: 4030004526504

КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ® - ЖИВОТ
АД за осигурување на живот
članica Grupe Croatia osiguranje d.d.

КРОАЦИА ОСИГУРУ... ЖИВОТ АД Бр. 02-1324/1 27.04.2015 год. СКОПЈЕ

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**Скопје, 27.04.2015 год.**
**Бр. 02 -**

Врз основа на член 100. став 1. од Статутот на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – Друштво за осигурување на живот и член 418 став 1. од Законот за трговски друштва („ Службен весник на Република Македонија" бр: 28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/2014, 41/2014, 138/2014), Собранието на КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД – ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ, на својата XIX. Седница одржана на ден 27.04.2015 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Статут

**Член 1**

Во член 65 од Статутот на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот се додава нов став 4 кој гласи:

„Одборот на Директори носи Одлука за секое располагање, вклучувајќи и давање / земање недвижност под наем/закуп. Одборот на Директори со донесување на ваквата Одлука го овластува Извршниот Директор за склучување на договорите за располагање, вклучувајќи и давање / земање недвижност под наем/закуп."

**Член 2**

Став 2 од член 121 од Статутот на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот се менува и гласи:
„Одборот на Директори донесува правила за работа на внатрешната ревизија".

Став 3 од член 121 од Статутот на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот се менува и гласи:
"Одборот на Директори ја одобрува годишната програма за работа на внатрешната ревизија изготвена од страна на внатрешните ревизори."

Во член 121 се додава нов став 4 кој гласи:
„Одборот на Директори врз основа на годишната програма за внатрешна ревизија носи подетален план за работа на внатрешната ревизија."

**Член 3**

Став 2 од член 124 од Статутот на Кроациа Осигурување АД – Друштво за осигурување на живот се менува и гласи:
„Внатрешниот ревизор е должен извештаите од став 1 од овој член да ги поднесе до Одборот на Директори."

Во член 124 се додава нов став 3 кој гласи:
„Внатрешниот ревизор е должен да изготви годишен извештај за спроведената внатрешна ревизија, со содржина и во форма согласно со Законот ."

Став 3 од член 124, кој станува став 4, се менува и гласи:
„Одборот на Директори е должен годишниот извештај на внатрешната ревизија, со мислење по истиот, да го стави на дневен ред на годишното Собрание на Друштвото, заедно со ревизорскиот извештај на Друштвото."

**Член 4**

Се овластува Одборот на директори на Друштвото, врз основа на оваа Одлука да изготви пречистен текст од Статутот на Друштвото.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе добие правно дејство по добиена согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување.

***Образложение***

*Предложената промена на Статутот на Друштвото во член 65 се врши со цел усогласување на Друштвото со добиениот допис од Матичната куќа број 9945/SPP/2014, односно регулирање на посебен став во Статутот со кој се определува дека за купување, продавање, земање и давање под наем на недвижности, задолжително е потребно претходна добиена согласност од членовите на Одборот на Директори.*

*Предложените измени на Статутот на Друштвото во член 121. и член 124. се споведува со цел усогласување со законската регулатива, односно со член 123, 126 и член 127 од Законот за супервизија на осигурување.*

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ Друштво за осигурување на живот АД 1 СКОПЈЕ